**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ПРВ КВАРТАЛ, 2015 ГОДИНА

мај 2015 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи на банки*[1,2]

## *Големи банки*

## Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: умерено нето-олеснување на кредитните услови по четири квартали на непроменетост на вкупните услови за одобрување корпоративни кредити.

- Кредитна побарувачка: натамошно зголемување на побарувачката на корпоративните кредити на нето-основа, но со значително послаба динамика споредено со претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал на 2015 година: понатамошно нето-олеснување на кредитните услови, но со послабо темпо споредено со очекувањата од претходната анкета, при задржување на динамиката на нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити.

## Кредити на население

- Кредитна политика: послабо нето-олеснување на кредитните услови за одобрување станбени и потрошувачки кредити во однос на претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: посилно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити споредено со претходната анкета кое пред сѐ е детерминирано од поинтензивното нето-зголемување на побарувачката на потрошувачки кредити.

- Очекувања за вториот квартал на 2015 година: посилно нето-олеснување на кредитните услови за сите типови кредити споредено со очекувањата од минатата анкета, во услови на очекувања за подинамично нето-зголемување на побарувачката на станбени и на потрошувачки кредити.

## *Средни банки*

## Кредити на претпријатија

- Кредитна политика: натамошно благо нето-олеснување на вкупните кредитни услови за одобрување корпоративни кредити.

- Кредитна побарувачка: натамошно умерено нето-зголемување на вкупната побарувачка коешто е посебно нагласено кај кредитите на големите претпријатија,

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.

[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најдат на следнава врска: Временска серија по групи банки.

при минимално намалување на побарувачката на долгорочните кредити на нето-основа.

- Очекувања за вториот квартал на 2015 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови и раст на кредитната побарувачка на нето-основа, но послабо во однос на очекувањата во претходната анкета.

### Кредити на населението

- Кредитна политика: понатамошно нето-олеснување на кредитните услови, но со помал интензитет во однос на претходниот период. Притоа, послаб интензитет на олеснување е карактеристичен за потрошувачките кредити, додека кај станбените кредити се забележува речиси иста динамика на олеснување како во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на сите видови кредити, со слична динамика како во претходната анкета

- Очекувања за вториот квартал на 2015 година: нето-олеснување на кредитните услови, во услови на понатамошно зголемување на побарувачката на нето-основа, со поголем интензитет и кај двата сегмента во однос на очекувањата од претходната анкета.

## *Мали банки*

### Кредити на претпријатија

- Кредитна политика: непроменетост на кредитните услови за одобрување корпоративни кредити, по шест квартали на континиурано нето-заострување.

- Кредитна побарувачка: непроменетост на вкупната побарувачка на корпоративни кредити, наспроти минималното нето-намалување во претходната анкета. Сепак, кај малите и средните претпријатија, како и кај краткорочните кредити, е регистрирано умерено нето-зголемување на побарувачката.

- Очекувања за вториот квартал на 2015 година: натамошно олеснување на кредитните услови, со послаба динамика во однос на очекувањата од претходната анкета, при поинтензивно зголемување на побарувачката на нето-основа.

### Кредити на населението

- Кредитна политика: натамошно олеснување на кредитните услови на нето-основа, со умерено посилна динамика во однос на претходниот период.

- Кредитна побарувачка: понатамошно зголемување на побарувачката на станбени и потрошувачки кредити со умерено посилна динамика во однос на претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал на 2015 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови и раст на побарувачката на кредити на нето-основа, со умерено поголем интензитет во однос на очекувањата од претходната анкета.